
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 23	02.05.2023 год.

ЈЕГУНОВЦЕ, МАЈ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2023 год.

Се прогласува Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2023 год.,што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 28.04.2023 год.

Бр. 09-721/1
02.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весникна РМ„ бр.61/04), Советот на Општина Јегуновце на дваесетитретата седница одржана на ден 28.04.2023 год. донесе,

З А К Л У Ч О К
За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2023 г.

1. Се усвојува финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2023 г.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-686/3
28.04.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 година

Се прогласува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 28.04.2023 год.

Бр. 09-721/2
02.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.„ бр.5/2002), член 91 од Статутот на Општината Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03) и Одлука од Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.113/2022 од 21.03.2023 год. („Сл. весник на Р.С.М.„ бр.65/2023), Советот на Општина Јегуновце на дваесетитретата седница одржана на ден 28.04.2023 год. донесе

О Д Л У К А

За изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година, бр.08-2056/5 од 26.12.2022 год. („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.18/2022), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година,бр.08-183/5 од 30.01.2023 год., Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година, бр.08-409/6 од 03.03.2023 год. и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година, бр.08-516/3 од 22.03.2023 год., во член 9 став 1 алинеја 1 зборовите: „основицата на која се пресметува изнесува 26.755 ден.„ се заменуваат со зборовите: „основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика„.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник„ на Општина Јегуновце.

Бр.08-686/4
28.04.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Александар Здравковски„ с. Јегуновце за учебната 2022/2023 год.

Се прогласува Заклучокот за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Александар Здравковски„ с. Јегуновце за учебната 2022/2023 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 28.04.2023 год.

Бр. 09-721/3
02.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Јегуновце на дваесетитретата седница одржана на ден 28.04.2023 год. донесе

З А К Л У Ч О К

За давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце за учебната 2022/2023

1. Советот на Општина Јегуновце дава позитивно мислење по однос на Годишната програма за изведување на екскурзии за ученици од ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце за учебната 2022/2023

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ и истиот да се достави до ООУ„Александар Здравковски„ с.Јегуновце.

Бр.08-686/5
28.04.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територија на Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територија на Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 28.04.2023 год.

Бр. 09-721/4
02.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 24 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), согласно член 11, став 2 од Законот за енергетска ефикасност („Службен всник на РСМ“ бр. 32/20 и 110/21) како и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце“ бр.21/03) и допис бр.03-406 од 12.04.2023 год. од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје КЕЦ Тетово, Советот на Општина Јегуновце на 23-та седница одржана на ден 28.04.2023 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за давање правото на користење на мрежата
на јавното осветлување на територијата на Општина Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се дава правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Јегуновце од страна на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце на корисник Општина Јегуновце (во натамошниот текст –корисник).

Член 2

Правото на користење на мрежата на јавното осветлување од членот 1 на оваа Одлука опфаќа располагање со мрежата на јавното осветлување, изградба на нови линии, грижа за неговата уреденост и тековното одржување на електричната мрежа на јавно осветлување од страна на корисникот, како и сите останати работи поврзани со јавното осветлување предмет на оваа Одлука.

Член 3

Правото на користење на мрежата на јавно осветлување го сочинуваат:

- приклучоци од категорија LV1.1 – јавно осветлување, определени во Листа со места на потрошувачка за приклучоци за јавно осветлување која е во прилог на оваа Одлука и нисконапонска надземна и подземна мрежа за гореневедените приклучоци.

При изградба на нови линии и приклучоци, ќе се врши дополнување на листата од став 1, и истите ќе ги стопанисува корисникот.

Член 4

Се овластува ВД Директорот на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце да склучи договор со корисникот на ова право, со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски за доделеното правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Јегуновце согласно оваа одлука.

По склучувањето на договорот, одговорното лице на корисникот на ова право согласно оваа одлука ќе поднесе барање до надлежниот орган за промена на корисник за местата на потрошувачка од листата од член 3 став 1 на оваа одлука.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце“.

Бр.08-686/6
28.04.2023 год.

Совет на Општина Јегуновце
Претседател

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за промена на корисник за мерно место (броила) од име на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце, на име на Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за промена на корисник за мерно место (броила) од име на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с. Јегуновце, Јегуновце, на име на Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 28.04.2023 год.

Бр. 09-721/5
02.05.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1, точка 1 и 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.05/02),), согласно член 11, став 1 од Законот за енергетска ефикасност („Службен всник на РСМ“ бр. 32/20 и 110/21) како и 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце“ бр.21/03), и допис бр.03-406 од 12.04.2023 год. од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје КЕЦ Тетово, Советот на Општина Јегуновце на 23-та седница, одржана на ден 28.04.2023 година донесе

О Д Л У К А

За промена на корисник за мерно место (броила) од име на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, на име на Општина Јегуновце

Член 1

Со оваа одлука се врши промена на корисник за мерно место (броила), со кое се бара промена од име на корисник: Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, Адреса: Ул.С.ЈЕГУНОВЦЕ 1215 ЈЕГУНОВЦЕ на име нов корисник ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ Адреса: Ул.С.ЈЕГУНОВЦЕ 1215 ЈЕГУНОВЦЕ.

Член 2

Со промената на корисникот за мерно место (броила), снабдувањето на објектот продолжува преку снабдување на новиот корисник, преку поднесување барање каде новите корисници ќе се наведат.

Член 3

Составен дел на оваа одлука се прегледите на корисници и прегледи за места на порошувачка.

Прегледите со број на места на потрошувачка изразено во број вкупно 40 од име на корисник Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце Адреса: Ул.С.ЈЕГУНОВЦЕ 1215 ЈЕГУНОВЦЕ на име на нов корисник ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ, Адреса: Ул.С.ЈЕГУНОВЦЕ 1215 ЈЕГУНОВЦЕ се прилог на оваа одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Јегуновце“.

Бр.08-686/7
28.04.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Заклучокот за усвојување на финансискиот извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2023 г..... 1

2. Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2023 г..... 2

3. Решение за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце за 2023 година..... 3

4. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Јегуновце 2023 година 4

5. Решение за прогласување на Заклучокот за за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце за учебната 2022/2023..... 5

6. Заклучок за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце за учебната 2022/2023..... 6

7. Решение за прогласување на Одлука за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Јегуновце 7

8. Одлука за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Јегуновце 8

9. Решение за прогласување на Одлуката за промена на корисник за мерно место (броило) од име на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, на име на Општина Јегуновце..... 9

10. Одлука за промена на корисник за мерно место (броило) од име на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, на име на Општина Јегуновце 10